З А П И С Н И К
од Сто и триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19 ноември 2025 година

Скопје, ноември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто и триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19 ноември 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 17:00 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за предмети предложени од Владата на Република Северна Македонија за претстојната оценската мисија за борба против организиран криминал и корупција, вклучително и корупција на високо ниво и во контекст на јавните набавки, со Предлог-листа

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за предмети предложени од Владата на Република Северна Македонија за претстојната оценската мисија за борба против организиран криминал и корупција, вклучително и корупција на високо ниво и во контекст на јавните набавки, со Предлог-листа и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди новата Листа на случаи во областа на борбата против организиран криминал и корупција, вклучително и корупција на високо ниво и во контекст на јавните набавки.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања да ја достави до Европската комисија Прелиминарната листа на случаи во областа на борбата против организиран криминал и корупција, вклучително и корупција на високо ниво и во контекст на јавните набавки, најдоцна до 21.11.2025 година.

Точка 2

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 3

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:05 часот.